



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ





МЦМС

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА









МИСИЈА 4

МАКЕДОНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (МЦМС) Е НЕВЛАДИНА И НЕПРОФИТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТО РАБОТИ ВО ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ, ГРАДЕЊЕ НА СВЕСТА И ОСНОВНА ПОМОШ ВО МАКЕДОНИЈА.

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО 5

МИРКО СПИРОСКИ - Претседавач • САШО КЛЕКОВСКИ- извршен директор

ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА 6

• ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛАТА

• РЕГИОНАЛЕН ВОДОВОД ЗА ПЕТ СЕЛА ОД КРУШЕВСКО

ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ 7

• ОСНОВНО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ГРУПИ ВО НЕПОВОЛНА И МАРГИНАЛИЗИРАНА ПОЛОЖБА

• ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

ИТНИ ОПЕРАЦИИ 8

• ПОСТКРИЗНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

• КЛУБ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ 9

• МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

• НОВИ ЛОЗОВИ НАСАДИ ВО ДЕМИР КАПИЈА

ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ 10

• ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА СКОПЈЕ-СОЛУН

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА 11

• ЈАКНЕЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

• ЈАКНЕЊЕ НА НВО ПРЕКУ ОБУКА

• НОВОГОДИШЕН НВО ПРИЕМ

• ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНСКИТЕ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

• ОБУКА ЗА РОДОВИ ОДНОСИ И РАЗВОЈ

• ОБНОВУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО КОСОВО 12

МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ 13

• ЦЕЛО Е КОГА ИМА СÈ

ИНФОРМАЦИИ И ПУБЛИКАЦИИ

СТРУКТУРА И РАЗВОЈ НА МЦМС 14

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МЦМС 15

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ 16

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 17

ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТИ 21

ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

М И С И Ј А

МАКЕДОНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (МЦМС) Е НЕВЛАДИНА И НЕПРОФИТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТО РАБОТИ ВО ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ, ГРАДЕЊЕТО НА СВЕСТА И ОСНОВНА ПОМОШ ВО МАКЕДОНИЈА.

ЦЕЛТА НА МЦМС Е ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО МАКЕДОНИЈА.

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ, МЦМС ГИ МОБИЛИЗИРА И ОРГАНИЗИРА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО.

МЦМС ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОБЕЗБЕДУВА СРЕДСТВА ОД ПОВЕЌЕ АГЕНЦИИ НА СВЕТСКИОТ СОВЕТ НА ЦРКВИТЕ И ОД ВЛАДИНИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ.

Поаѓајќи од генералната цел, МЦМС дефинира три долгорочни цели:


- Промоција на мирот;
- Организирање на граѓанското општество и
- Помош на оние што имаат потреба за тоа

Активностите се спроведуваат низ шест сектори:

- Граѓанско општество и демократизација;
- Рурален развој;
- Водоснабдување и санитација;
- Здравство и образование;
- Вработување и генерирање приходи и
- Итна помош

Спроведувањето на активностите се одвива преку:

- Финансиска поддршка на развојни иницијативи/проекти со грантови
- Обука и совети;
- Информации и
- Застапување и лобирање



МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженија на граѓаните и фондации во Основниот суд Скопје 1, под регистарски број 492, со решение број 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Во 1999 година се чувствувавме горди, како граѓани на Македонија која успешно ја надмина бегалската, економската и политичката криза предизвикана од косовската криза и кризата во СР Југославија.

Се чувствувавме горди и како МЦМС поради придонесот што го дадовме. МЦМС искажа голема храброст, способност и приспособливост во прифаќањето на предизвиците на косовската криза. Тоа значеше десеткратно и поголемо зголемување на обемот на работата, но истовремено значеше можност да се искусат многу нови работи.

По 1999 година МЦМС во 2000 година стоеше пред нов предизвик да се стабилизира по огромниот раст и да се врати на своите фокуси. За овој предизвик битни се: враќањето кон развојните активности, внатрешните избори, среднорочната оценка и воспоставувањето регионална соработка.

МЦМС во 2000 година имаше вкупен обем (портфолио) од 147 проекти и севкупен буџет од приближно 308 милиони денари.

Ова портфолио, гледано од аспект на бројот на проекти, е поголемо од годишното портфолио во 1999 година. Гледано од страна на буџетот, тој е една третина од годишниот буџет за 1999 година. Околу една половина од буџетот е за проекти во Македонија. Се намалуваат проектите во основна помош, а се зголемуваат во останатите сектори. Сепак, најголем процент од финансиското портфолио сè уште отпаѓа на итните извори за финансирање.



Мирко Спироски
ПРЕТСЕДАВАЧ

МЦМС оствари поголем дел од проектите во водоснабдување (ПВС) и за здравство и образование (ОЗО). Започнати се подготовките за новата тригодишна програма „Применето образование за младите Роми“. МРФП портфолиото (фондот за заеми) е скоро целосно ангажиран, по шестмесечното доцнење во 1999 година. Програмата Поврзување на претпријатијата Скопје-Солун, по двегодишно спроведување е завршена и пренесена во нов институциски дом.

По скоро едногодишен прекин обновени се активностите во секторот на граѓанско општество и демократија. Започнато е полното спроведување на програмата Јакнење на НВО (ПЈН), како и на програмата Јакнење на женските НВО за здравствена едукација (ЈЖЗ). По комплетирањето на Цело е кога има сè (ЦКС), поддржани се пилот-проекти за дијалог и толеранција и за човекови права.

МЦМС е присутен во Косово веќе втора година. Во оваа година се комплетирани активностите за обнова и изградба на живеалишта. Најголем фокус беше ставен на активности за подобрување на капацитетот за самопотпирање, главно во земјоделието. МЦМС ја продолжи поддршката на локалните НВО во градењето граѓанско општество, вклучувајќи и нови елементи, како обука за медиумите.



Сашо Клековски
ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

МЦМС во 2000 година ги заврши внатрешните избори. Ова се втори избори од основањето на МЦМС и истовремено втор „тест“ на внатрешната демократија, односно на способноста за демократски трансфер.

Во 2000 година МЦМС помина низ процесот на среднорочна оценка (вантрешна и надворешна) кој заедно со процесот на развој на стратегијата помогна да се обезбедат одговори што постигнавме и каде одиме понатаму. Процесот на среднорочната стратегија кој беше длабоко партиципативен преку многуте работилници и средби, значеше многу во процесот на стабилизацијата и зацрвстување на разбирањето и посветеноста.

Програмата во Косово ја поттикна интензивната вклученост во АЦТ Балкан и Косово, како и ССЦ Партнерството за Југоисточна Европа.

Оваа, 2000 година, е крај на еден среднорочен период за МЦМС, во кој веќе се гледаат насоките на МЦМС во новиот период. А тие ќе бидат поттикнувачки.

ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛАТА

Општа цел на програмата Водоснабдување на селата е да се придонесе во создавањето услови за живот во селата, за сите кои живеат во нив. Целта е да се подобри водоснабдувањето за луѓето во селата.

Задачи на програмата се:

- да се стимулираат селските иницијативи за подобрување на снабдувањето со квалитетна вода за пиење за луѓето;
- да се поддржи реализирањето грантови за обновување на водоснабдувањето заедно со тоа што ќе го обезбедат селаните, локалните и националните власти и локалните претпријатија; и
- да се стимулира основањето на локално базирани „здруженија за водоснабдување на селата".

Целна група на програмата се жителите на 1700 села во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето. Со 19-те проекти во 2000 година опфатени се вкупно 20 села, односно здрава вода за пиење ќе добијат или добиле 14.782 корисници. МЦМС изгради или реконструира четири зафати на вода (каптажи), четири пумпни станици, 785 м³ резервоарски простор (осум резервоари) и 29.221 м цевковод. Вкупната вредност на 19-те одобрени проекти, без оперативните трошоци, изнесува 77.236.264 денари. Од тоа, МЦМС учествуваше со 36.498.227 денари или 47,25%.

Реализирани се четири совети за селските заедници каде што се поттикнати иницијативи за решавање на проблемот со водоснабдувањето.

РЕГИОНАЛЕН ВОДОВОД ЗА ПЕТ СЕЛА ОД КРУШЕВСКО

Со завршувањето на проектите за подобрување на водоснабдувањето на селата Бучин, Пресил, Милошево, Врбоец и Светомирани во општината Крушево, 2.278 постојани и околу 100 повремени жители или 529 домаќинства добија доволни количини чиста и здрава вода за пиење. Подобрувањето на водоснабдувањето е направено во соработка со МЦМС, локалната самоуправа и жителите на селата.

Проблемот на застарените водоснабдителни системи и недоволните количини чиста и здрава вода за пиење не можеше да се реши поради недостатокот на финансиски средства, но и недостатокот на верба кај жителите. Претходно покренатите иницијативи завршиле неуспешно, поради што дел од жителите и не веруваа дека нешто може да се промени.



Во 2000 год. МЦМС влезе како партнер во проектите на овие села и овозможи да се затворат финансиските конструкции, а со тоа и да се завршат системите.

Во текот на реализирањето на проектите имавме можност да ги посетиме селата Пресил и Бучин. Речиси единствениот извор на приходи на околу 500-те жителите на селото Пресил е тутунот, само тројца жители од селото се вработени. Недостатокот од вода ја направил состојбата во која живеат овие луѓе уште потешка. Посебно положбата на жените. Зелија, Усеинова живее во Пресил последните девет години, откако се омажила. Таа е од соседното село Житоше. „Ми беше малку тешко кога дојдов овде", вели Зелија, „во моето село немаше проблеми со водата, но сега се навикнав". Три деца е тешко да се одгледаат без вода во домот. Некој постојано треба да оди на чешмата. Тоа најчесто го прави свекрвата на Зелија, но ако треба, и таа оди. Сега, откако се направи водоводот, ќе биде многу подобро. Ја прашав дали планираат да купат машина за перење за да си олесни малку. „Веќе имаме", ми вели, „без неа ништо".

Селото Бучин е поголемо, има 900 постојани жители и 100 повремени. Бучинци, со текот на времето сами го решиле прашањето за водоснабдување. Некои со приватни бунари, некои со хидрофори, кој како се снашол. Сепак, 80% од нив се согласиле финансиски да учествуваат во долгорочното решавање на проблемот со водата. Претседателот на месната заедница, Славчо Солески, вака го објаснува интересот на луѓето: „со водоводот ќе имаме поголемо количество вода", вели тој, „а и трошоците за одржување ќе бидат помали". Младиот човек се зафатил со оваа работа пред две години. За неговите искуства од организирањето на луѓето вели дека се и добри и лоши. „Со народ не е лесно да се работи, со младите обично е полесно. Постарите имаат други навики, други времиња биле кога тие растеле, поинаку се воспитани". Сепак, Славчо не заборава да спомне колку имал поддршка од дел од жителите на селото. „Проблемот со селаните е изгубената доверба", продолжува Славчо. „Многу иницијативи биле започнувани, а не биле реализирани. Не ретко, средствата што луѓето ги издвојувале се трошеле ненаменски или ги јадела инфлација. Поради ова, разбирливо е зошто тие не веруваат дека сега водоводот ќе проработи". Денес луѓето се охрабрени од финализирањето на оваа акција, тие планираат и следни акции. „Подготвени сме да се соочиме со проблемите", вели Славчо, со доза на решителност во гласот „Мораме да ги решаваме, нема постојано со нив да живееме, само, еден по еден."

Вкупната инвестиција за подобрување на водоснабдувањето на 2.278 жители изнесува 17.151.818 денари од кои МЦМС дониираше 10.049.818 денари.

ОСНОВНО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ГРУПИ ВО НЕПОВОЛНА И МАРГИНАЛИЗИРАНА ПОЛОЖБА

Општата цел на програмата е да се подобри пристапот кон основното и здравственото образование на групите во неповолна и маргинилизирана положба, а за подобрување на нивната самоувереност и самопотпирање во контекст на сиромаштијата и невработеноста.

Цел на програмата е да се поттикнат можности и доволно висок приоритет за образовните потреби на групите во неповолна и маргинилизирана состојба, прилагодени на потребите и јазикот на „ученикот", фокусирани на човечките и граѓанските вредности, етиката, основните вештини.

Целна група се групите во неповолна и маргинализирана состојба:

- девојки и жени, деца и младинци, посебно во руралните и субурбаните подрачја и припаднички на верските и етничките малцинства;
- деца и младинци со посебни образовни потреби: припадници на етнички малцинства; деца и младинци со пречки; асоцијални и институционализирани деца и младинци; деца и младинци кои се откажале од образованието или кои се невработени;
- млади кои се жртви на зависностите и СИДА-та, деца и младинци жртви на сексулна експлоатација и проституција;
- бездомници, стари лица.

Бројот на опфатени села во проектите за здравствено образование на руралната жена (останатите проекти се спроведувани во урбани и субурбани средини) е 145, со вкупен број на директни корисници од преку 5,000 жени. Посетеноста варира од 10-тина до 50-тина жени на едно предавање.

Во 2000 година се спроведувани вкупно 36 проекти. 21 проект се за здравствено образование на жената, шест проекти ги адресираат потребите на хендикепираните лица, девет проекти се насочени кон потребите на Ромите.

ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

Вкупно 20 хендикепирани лица од Прилеп добија вработување во Заштитната работилница за професионално оспособување на инвалидите „Мегал". Сите вработени беа вклучени во курсот за преквалификација на хендикепирани лица што го организираа Центарот за помош на лица со пречки во психофизичкиот развој „Порака" и „Мегал" од Прилеп, а го финансираше Македонскиот центар за меѓународна соработка.

„Сакавме да им помогнеме на тие деца", вели Димче Димески, еден од раководителите на „Мегал". „Некои од нив и порано работеа во „Мегал", Продолжува тој, „потоа фирмата отиде во стечај, а работниците на улица. Денешната фирма функционира од 1996 година. Оттогаш се обидуваме да вратиме дел од вработените на работа."



Курсот за преквалификација требаше да ги обучи учесниците за заварувачи и металостругачи. На курсот се работело според специјална програма за хендикепирани лица, а самата обука практично се изведувала во „Мегал". Освен стручните лица на „Мегал" кои ја изведуваа обуката, таа беше следена и од надворешни стручни лица од Акционерското друштво „Микрон" од Прилеп и тројца индивидуални машински инженери. Обуката траеше шест месеци и се состоеше од 95 теоретски часа и 712 практични часа. Двајцата раководители на „Мегал" се задоволни од работата на обучените работници. Нивната интенција е задоволството да биде двострано.

„Задоволен сум од работата", ни рече Васко Димески, еден од учесниците на курсот, сега вработен во „Мегал". Помеѓу две истоварени цевки од Васко дознаваме дека работата не му е тешка, дека работи сè што ќе му кажат и дека добро се согласува со колегите. Васко има 22 години, платата што ја добива ја користи за себе, но им помага и на родителите. Такви се времињата. Во дворот на фабриката поразговаравме и со Коста Николоски. И тој го посетувал курсот за преквалификација. „Јас сум графичар по струка", ни рече Коста, „и искрено, печатарската работа повеќе ја сакам, но убаво ми е и тука, не е време кога може да се бира." Коста работел во приватна печатница која веќе не постои. Од 1998 година е вработен во „Мегал".

Заштитната работилница „Мегал", односно нејзините раководители, имаат големи планови. Планови за проширување на производството, за извоз на производите, а со тоа веројатно ќе дојдат и плановите за нови вработувања... За среќа на некои други хендикепирани лица кои наскоро ќе ја почувствуваат нормалноста на животот, се надеваме.

ПОСТКРИЗНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Општа цел на програмата е да обезбеди подобри услови за сите оние каде што последиците од косовската криза во голема мера ги наруши основните услови за живот.

Цел на програмата е да се обезбедат најнеопходните услови за живот преку основна помош, како и да се поддржат заедниците и институциите да ги возобноват и рехабилитираат своите средини и капацитети.

Треба да им се овозможи на заедниците и институциите да го зајакнат својот капацитет, а со самото тоа да создадат одржливи иницијативи со што ќе го подобрат животот преку употреба на сите достапни механизми на помош и самопомош.

Целни групи на програмата се: селани, бегалци и семејства домаќини, социјално загрозени лица, хендикепирани, зависници.

Програмата се спроведуваше низ неколку активности.

Една од активностите беше водоснабдувањето и санитацијата на заедниците домаќини. Со проектите е поддржана изградбата на водоводи во осум села и санитациски системи во три села, или МЦМС изгради: три пречистителни станици, 950 м³ резервоарски простор (три резервоари) и 61.188 м цевководи.

Во рамките на другата активност се дистрибуираше помош во храна и хигиенски производи. Помошта се состоеше од три видови пакети за секое семејство: пакет со храна, основен и потрошен хигиенски пакет. Во дистрибуцијата беа вклучени 9 НВО кои вршеа идентификација и дистрибуција на помошта до крајните корисници во 8 различни региони. Со овој проект беа дистрибуирани вкупно 302,74 тони храна и 140,64 тони хигиенски производи. Покрај помошта во храна и хигиенски производи, околу 1,000 семејства домаќини (ромски семејства од Скопје и Куманово) беа поддржани и со готовина како компензација за направените трошоци (струја, вода, греење).

МЦМС спроведе и повеќе рехабилитациски проекти но и проекти за јакнење на институционалниот капацитет на невладините организации кои беа вклучени во дистрибуцијата на помошта за бегалците и социјално загрозените лица. Активностите состоеја од отворање канцеларија, обука на активистите и набавка на основна техничка опрема.

КЛУБ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина“, огранок во Дебар со финансиска поддршка на МЦМС, но и со поддршка од „Хендикеп интернационал“, „Оксфам“ и УНХЦР, го формира Клубот за хендикепирани и инвалидизирани лица.

„Веќе подолго време работиме на овој проект“, вели Вјоца Дука, еден од 16-те активисти директно вклучени во спроведувањето на проектот. Вјоца е наставник по англиски јазик и на своето вклучување во проектот кој се однесува на хендикепирани лица гледа како на сосема нормална работа. „Ми кажаа дека има можност да им се помогне на тие луѓе и јас прифатив да се вклучам во проектот. Вистина, тоа ми го пополни целото слободно време, ама воопшто не жалам“, додава Вјоца.



Здружението на Ромите во спроведувањето на овој проект вклучило активисти со различно етничко потекло и тоа осум Албанци, седум Роми и еден Македонец. За нив, етничката припадност не е проблем, таа е сосема нормална работа и не го попречува спроведувањето на проектот.

Завршувањето на активностите околу отворањето на Клубот за хендикепирани лица не значи и завршување на проектот. Тој сега започнува. Сега започнува да се реализира целта заради која е започнато реновираањето на зградата каде што ќе се дружат околу 300 хендикепирани и инвалидизирани лица.

„Започнавме со идентификација на хендикепираните лица во регионот на Дебар“, продолжува Вјоца. „Луѓето беа љубезни, ама колку што им налага доброто воспитување, постоеше доза на недоверба. Мислам, вели таа, дека беа изненадени затоа што некој нешто им нуди и не им бара ништо за возврат. Подоцна, кога ја направивме дистрибуцијата на опремата („Месечина“, огранокот во Дебар, има дистрибуирано 40 колички за инвалиди, 50 штаки, 20 декубирани душеци и преку 12.000 пелени), атмосферата беше многу поизменета, попријатна. Разговорите не одеа толку стегнато, едноставно тие на нас гледаа како на пријатели, додава таа, потпирајќи се на инвалидската количка на Самир Тумени, еден од идните посетители на Клубот.

Самир и неговата мајка Ферица се надеваат дека Клубот ќе биде местото каде што тој ќе може да се дружи со другите луѓе кои имаат исти проблеми како и тој. Судбината и лошите финансиски прилики на семејството не дозволиле никаква активност во осумнаесет годишниот живот на Самир. Од претходната година, откако ја добил инвалидската количка од „Месечина“, тој прв пат е во можност сам да се движи низ станот или надвор од него.

Клубот има просторија за дружење и просторија во која ќе биде сместено своевидно советувалиште за хендикепираните лица.

Спроведувањето на целиот проект е проследено со многу добра соработка на „Месечина“ со локалната самоуправа и директно со градоначалникот на Дебар г. Ологу Имер.

МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Поддршка на можностите за самовработување и развој на малите бизниси, намалување на сиромаштијата, зголемување на интеграцијата во пазарната економија и поттикнување хармонични односи во заедницата е општата цел на МРФП.

МРФП ги поттикнува иновативните, возможните и реплицирачки начини за обезбедување финансиски и нефинансиски услуги за фармерите, микро и малите претприемачи, во земјоделскиот и неземјоделскиот сектор.

МРФП ја спроведува Програмата за микро и мали претпријатија (ПММП). Таа им се обраќа на самостојно вработените или малите претприемачи, фокусирани на руралните области, на индивидуалните земјоделци и на селаните вклучени во мали претпријатија и мали претприемачи (неземјоделски), ситуирани во централниот и западниот дел на Македонија.

Во текот на 2000 година беа пласирани шест заеми во вкупен износ од 90,870,058 денари ***(тип 1)***. Со овој тип заеми се кредитирани 788 индивидуални земјоделци. Беа кредитирани и четири мали претпријатија во вкупен износ од 9,774,394 денари ***(зем тип 2)***, додека микрофинансиската институција Можности во овој период повлече три транши во вкупен износ од 18,642,166 денари, со што беа кредитирани над 60 микро претпријатија ***(заем тип 3)***.

Во рамките на техничката помош за банките е посетена Маркет банка, Сараево, БиХ и е спроведена обука на кредитни службеници.

Поддршката на можните клиенти-претприемачи за подготовка на бизнис-планови и барања за заеми, започната во претходната година, продолжи и во 2000 година. Поддршката ја обезбедуваат 13 акредитирани советодаватели.



НОВИ ЛОЗОВИ НАСАДИ ВО ДЕМИР КАПИЈА

Заемот во висина од 300.000 евра што претпријатието „Корал“ го доби од еден од финансиските посредници на МРФП е наменет за подигање нови лозови насади во демиркаписко. Вкупно 30 лозари добија по 10.000 евра кои во најголем дел беа во вид на материјали потребни за подигање на лозовиот насад. Ова вклучува и механизација за обработка на насадите. Секој од индивидуалните земјоделци потпишува договор со „Корал“ во кој се уредуваат правата и обврските на двете договорни страни. За некои од земјоделците, овие договори се единствената надеж за егзистенција на семејствата и надеж за остварување приходи. Еден од нив е Драган Поповски. Драган има 42 години и ниту едно вработување позади себе. Неговата сопруга исто така не е вработена, а имаат две деца од 12 и од 13 години. „Ова ни е единствената надеж, можност на децата да им обезбедиме малку подобар живот“, вели Драган. „Јас направив договор со „Корал“, а ќе земам и 2 хектари земјиште, затоа што немам свое. Барем знам дека ќе работам за себе и за семејството. Могу сум благодарен што ја имам оваа можност, а тоа не е малку за некој што не знаел како да врзе крај со крај во животот“, завршува тој.

За дел од лозарите, заемот е убава можност да ја прошират работата. „Веќе подолго време сакаме да засадиме нови површини со лозје“, вели Слободан Стојковиќ од с. Кореќница, Демир Капија. „Со брат ми и татко ми работиме околу шест хектари лозје. Сè досега не можевме да се надеваме на проширување затоа што немавме доволно пари за тоа. Сега, проширувањето е веќе многу пореално. Од „Корал“ ќе земеме уште шест хектари земја, со што верувам во иднина приходите ќе ни се зголемат“, рече Слободан Стојковиќ.

Рокот на враќањето на заемот е четири години , вклучувајќи една година грејс-период.

ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА СКОПЈЕ-СОЛУН

Да се промовира тространата соработка меѓу малите и средни претпријатија (МСП) од Грција, Германија и Македонија преку премостување и поврзување на претпријатијата од овие земји и да се подобри одржливиот раст на секторот на СМП во Македонија е општата цел на програмата Поврзување на претпријатијата Скопје-Солун.

Програмата се обраќа на малите и средни претпријатија (МСП) во Македонија кои имаат потреба од практични бизнис-совети и совети за менаџмент и на грчки и на германски претпријатија кои сакаат да ги прошират своите деловни активности во Македонија.



Заради промовирање на Програмата, беа испечатени и дистрибуирани информативните брошури на четири јазици (македонски, германски, грчки и англиски), а беа направени и повеќе контакти со медиумите.

Креиран е пристапен Центар за деловна поддршка (ЦДП) за МСП во Скопје, специјализиран за односите во бизнисот и активностите меѓу Грција, Германија и Македонија. ЦДП треба да ја пополни институционалната празнина и да покрива активностите во две подрачја: поддршка на основање на грчко-германско-македонски заеднички вложувања и обезбедување техничка помош според стандардите воспоставени од ЕЗ и воспоставување услуги во подрачјето на маркетингот и поддршка на заедничките иницијативи на соодветните пазари.

Од средината на февруари започна да функционира вебстраницата (www.thesko.gr) на проектот, на која можат да се најдат податоци, како за македонски, така и за грчки и германски фирми.

Центарот има добиено вкупно шеесет дописи од претпријатија од сите три земји опфатени со програмата, заинтересирани за поврзување, контакти, застапување, увоз, извоз и други видови соработка. Барањата се процесирани и успешно реализирани.

Во текот на месеците март и април се одржа семинарот под наслов „Обука на претприемачи", со кој беа опфатени петнаесет мали претпријатија од земјава. Учесниците на семинарот се запознаа со основните поставки и принципи на современото претприемништво, информирање за актуелните економски текови во земјава и на меѓународен план, практични вежби од областа на деловното планирање и можност за непосреден контакт со претприемачи од Грција, согледување на тамошните услови и актуелни текови во претприемништвото.

Програмата е завршена до 31 октомври 2000 година, по осумнаесетмесечен период на спроведување. Во ноември 2000 година, од страна на Грчко-германската комора за трговија и индустрија (ХГЦИЦ), Солун и Здружението на германски стопански комори, Берлин, се формира Претставништво на германското стопанство, кое е новиот институционален дом на програмата.

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

ЈАКНЕЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Програмата за јакенење на невладините организации има за цел да го поттикне развојот на демократско и граѓанско општество во Македонија. Таа е насочена кон подобрување на институционалниот и организацискиот капацитет на НВО во Македонија.

Активностите од програмата се наменети за жените и мажите корисници на услуги на невладините организации во земјата, со фокус на жените, етничките малцинства, хендикепираните и младите.

Во текот на 2000 година со програмататата беа опфатени вкупно: 327 учесници од 78 НВО во рамките на обуката, 60 НВО во рамките на финансиската поддршка, како и низа други организации и институции, вклучувајќи ја јавноста, кои се јавиле како корисници на услугите од полето на информациите, застапувањето и лобирањето.

ЈАКНЕЊЕ НА НВО ПРЕКУ ОБУКА

Во текот на 2000 година се спроведоа две редовни обуки, едната за Раководење со проектен циклус (РПЦ), другата за Институционален развој и организациско јакнење (ИР/ОЈ).

МЦМС за првпат преку дневните весници ги повика активистите на НВО да се пријават за учество во обуките. На конкурсот за првата обука, РПЦ, се пријавија 177, а за втората ИР/ОЈ, 66 кандидати од кои беа селектирани 16 учесници.

Во рамките на обуката за РПЦ за пет дена беа обработени теми од областа раководење со проекти: поим за проект и програма, проектни фази, развивање дрво на проблеми и дрво на цели, развивање логичка рамка, креирање буџет, набљудување и известување.

Во рамките на обуката за ИР/ОЈ, во текот на шест дена беа обработени теми од областа на институционалниот развој и организациското јакнење на невладините организации, како: интегриран организациски модел, животен циклус на организацијата, визија и мисија, организација што учи, процес на промени, активација и мотивација на членството и практични алатки за анализа врз чија основа се развива стратегијата на една организација.

Освен редовните, МЦМС испорача и пет скроени обуки.

НОВОГОДИШЕН НВО ПРИЕМ

МЦМС заедно со Организацијата на организациите на жените на Македонија (ООЖМ), Сојузот на организациите на жени на Македонија (СОЖМ), Сојузот на албанската жена во Македонија (САЖМ), Центарот за мултикултурно разбирање и соработика (ЦМРС), Првата детска амбасада на светот „Меѓаши“, Движењето на екологистите на Македонија (ДЕМ), Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ (ХДЗР) и Сојузот на здруженијата на телесно инвалидизирани лица на Македонија, на 20 декември 2000 година го организираа првиот Новогодишен прием на невладините организации. Организирањето на новогодишниот НВО прием имаше повеќе цели. Како што рече претседателот на МЦМС, г. Мирко Спироски, во неговиот поздравен говор, „една од нив е да си оддадеме меѓусебно признание за достигнувањата во граѓанскиот сектор во текот на 1999 и 2000 година, потоа, да ја поттикнеме меѓусебната соработка не само низ работа, туку и низ социјализација и да ја поттикнеме соработката со државниот и приватниот сектор со кои во иднина ќе мора многу повеќе да се соработува за добробитта на заедницата“, заврши тој.

Во изложбениот дел, присутните над 400 гости имаа можност да се запознаат со активностите на невладините организации во претходниот период преку фотографии, информативни материјали или преку лични контакти со членовите на организациите.



ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНСКИТЕ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Програмата за јакнење на капацитетите на женските НВО за здравствена едукација својата општа цел ја идентифкува во подобрувањето на положбата на жените, посебно на жените од руралните и субурбаните региони во Македонија. Затоа Програмата е насочена кон зајакнување на капацитетот на женските невладини организации и создавање хумани капацитети, подготвени да спроведуваат здравствена едукација и други проекти меѓу жените од руралните и субурбаните региони во Македонија.

Целна група на програмата се жените, со посебен акцент на жените од руралните подрачја, младите жени и претставничките на етничките малцинства.

Со програмата, во текот на 2000 година, беа опфатени двајца обучувачи со обука за обучувачи за односи меѓу родовите, кои своето искуство го пренесоа на 48 активистки на женски невладини организации, учеснички во обуката за односи меѓу родовите и развој на приодот. Преку дистрибуција на информативното гласило „Перспективи“ беа опфатени 465 невладини организации, владини институции и поединци кои се занимаваат со оваа проблематика.

ОБУКА ЗА РОДОВИ ОДНОСИ И РАЗВОЈ

Во текот на двегодишното спроведување на Програмата, со обуката за Родови односи и развој ќе бидат опфатени вкупно 96 жени претставнички на женските НВО во Македонија. До крајот на 2000 година беше испорачана обука за 48 жени.

„Целта на оваа обука“, вели Неда Малеска Сачмароска, еден од обучувачите, „е да се зголеми свесноста за родовите односи, да се создаде можност за родова анализа и примена на родовата анализа на проектно ниво“.

За сите учеснички на обуката, ова е првото среќавање со концептот на родовите односи и развојот или такананаречениот „гендер“.

„На обуката разговараме за социјалното потекло на родовите односи“, објаснува Весна Јованова, еден од обучувачите, „потоа, за жени во развој и приодите на род и развој, за поврзаноста на клучните компоненети во родовите односи, за стереотипите, нормите и вредностите во општеството, за потенцијалот за промена за профилот на ресурси, пристапот и контролата кон нив итн“.

Учесничките на обуката се активни. Велат дека новото знаење им помага да го систематизираат она што отпорано го знаеле за родовите односи. Една од највредните придобивки, според нив е применливоста на концептот во секојдневната работа.

Во следниот циклус од обуката, акцентот ќе биде ставен на здравствената едукација.

ЦЕЛО Е КОГА ИМА СЀ

„Луѓето можат да се делат на различни начини, според музиката што ја слушаат, според местата на кои излегуваат, според облеката што ја носат, според професијата, според јазикот итн. Но, по сите тие делења пак сé доаѓа до едно, на крајот секој останува сам и секој е различен, тоа е најубавото нешто." Ова е размислувањето на актерот Висар Реџепи на тема



разликите и сличностите помеѓу различните ентитети во Македонија и нивните предрасуди кое е составен дел на документарниот филм „Цело е кога има сè!" и дел од истоимениот проект на МЦМС.

„Општа цел на проектот „Цело е кога има сè!" беше насочена кон развој на демократските процеси, зачувување на националната стабилност преку намалување на меѓуетничките тензии кај населението и промоција на позитивни вредности. Конкретната цел беше сконцентрирана на покренување на свеста за прашањата од областа на човековите права, посебно од аспект на меѓуетничките односи и промоција на позитивните вредности на разликите меѓу различните ентитети.

На оваа тема е и размислувањето на актерката Софија Куновска. Одвитукувањето на вселената се случува без разлика на нашите фрустрации, ... „затоа", вели таа, „треба добро да размислиме за тоа дали нашиот привремен престој на земјата ќе го поминеме во разни конфликти и поделби или ќе се обидеме самите за себе да си обезбедиме некаква хармонија".

Проектот беше фокусиран, пред сè, кон младите во Република Македонија и тоа посебно кон учениците од мултиетничките средни училишта и областите населени со различни етнички групи. Аудио-визуелната кампања која вклучи ТВ и радио спотови, билборди и дваесет минутен документарен филм ја покри целата територија на Македонија и ги доближи темите на кампањата до поширокатa јавност.

Дел од активностите беа насочени кон учениците средношколци и нивните професори но и кон НВО кои во своите проекти ги промовираа меѓуетничкото разбирање, толеранцијата и дијалогот.

„Цело е кога има сè!" опфати околу 20.000 средношколци, 92 професори, 168 претставници на локалната управа, НВО и медиуми и целата јавност.

ОБНОВУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО КОСОВО

Програмата „Обновување на животот во Косово" е насочена кон поттикнување мирољубиви и праведни решенија за постојните разлики во Косово и регионот, поттикнување надеж дека тоа е возможно, како и унапредувањето на добрососедството, соработката и мирниот соживот меѓу сите луѓе кои живеат во Косово и регионот. Целта на Програмата е да се поддржат заедниците во обновувањето на животот во Косово.

Програмата ги адресира бегалците кои се враќаат и интерно раселените лица, малцинските групи и посебно ранливите групи.

МЦМС ја спроведуваше Програмата во областите кои беа најмногу погодени од војната, според степенот на разрушеност и според жртвите, потоа најсиромашните региони кои во овој период се целосно зависни од надворешната помош како и областите каде што живеат малцинства.

Во текот на 2000 година, МЦМС спроведуваше директни активности во 45 села во општините Ѓаковица, Ораховац, Призрен и Драгаш, а имаше и 870 директни корисници од градот Ѓаковица. Вкупно 65 семејства беа поддржани за изградба на нова куќа, а 36 за поправка на оштетените куќи; за околу 2,000 жители на с. Шајне беше обезбедена реконструкција на водоснабдителниот систем; 5,721 семејства набавија земјоделски репроматеријали со модел на ваучери; 4,847 семејства од 61 село добија по седум кокошки несилки; а беа набавени и стелни крави за 165 семејства и за Здружението на млекопроизводителите.

Корисници на МЦМС беа и членовите на 29 невладини организации, спортски и културно-уметнички клубови.

ПОМОШ СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ

Еден дел од програмата за обновување на животот на Косово беше сконцентрирана на обновувањето на земјоделието. Целта на поддршката беше да се обезбедат услови за земјоделците да ги употребуваат сопствените капацитети, односно да се поддржат во надминувањето на внатрешните проблеми. Имајќи ги предвид искуствата од 1999 година, кога дел од дистрибуираната помош беше оценета како несоодветна (на пр. резервни делови за земјоделска механизација кои не се соодветни) МЦМС реши помошта да ја дистрибуира комбинирано. Еден дел од помошта беше дистрибуиран како вредносен купон, односно ваучер кој индивидуалните земјоделци можеа да го употребат во соодветната продавница.

Ваучерот беше искористен во спроведувањето на три проекти и тоа при дистрибуцијата на земјоделски репроматеријали во регионот на Ѓаковица, Призрен и Ораховац, при дистрибуцијата на резервни делови за земјоделска механизација во истиот регион вклучувајќи го и Дргаш и при уште една дистрибуција на земјоделски репро-материјали во регионот на Ораховац.

Можноста да се направи слободен избор на потребните материјали во голема мерка придонесе да се постигне целта на проектите. Самите индивидуални земјоделци ваучерот го оценија како многу подобар модел при донирање помош.



ИНФОРМАЦИИ И ПУБЛИКАЦИИ

Програмата за информации и публикации има за цел да обезбеди регуларен тек на информации за ситуацијата, условите, предизвиците и невладините програми и потребите на Македонија во странство и земјата и подобрување на внатрешниот тек на информации.

МЦМС БИЛТЕН

Во шестте издадени броја на МЦМС Билтенот во текот на 2000 година беа презентирани активностите на МЦМС. Билтенот на македонски јазик се печатеше во 1.100 примероци, додека истото издание на англиски јазик (МЦИЦ Буллетин) се печатеше во 300 примероци.

Прилогот на МЦМС Билтенот обработуваше информации од политичкиот и социо-економскиот живот во Македонија и во нејзините соседни земји. Во шестте изданија, што се печатеа само на англиски јазик беше презентиран контекстот во кој се спроведуваат активностите на МЦМС. Прилогот се печатеше во 300 примероци.



ЛИФЛЕТИ

Подготвен е лифлет за МЦМС кој е отпечатен на македонски и на англиски јазик. Лифлетот дава кратки информации за работењето на МЦМС, целите задачите и активностите на фондацијата.

ИЗВЕШТАИ

Направени се два извештаи за политичката и социо-економската состојба во Македонија, за периодот од јуни 1999 до мај 2000 година и за периодот од јуни до октомври 2000 година. Извештаите се направени за потребите на донаторите. Тие се презентирани на третата средба на работната група на Конзорциумот за Македонија во мај 2000 година и на ИВ редовна средба на Конзорциумот за Македонија во ноември 2000 година.

Годишниот извештај за јавност за 1999 година беше издаден во август, односно во септември (изданието на англиски јазик). Годишниот извештај во 2000 година се печатеше во тираж од 1250 примероци и на македонски и на англиски јазик.

КОНТАКТИ СО МЕДИУМИТЕ

Контактите со медиумите во текот на 2000 година беа релативно интензивни. Беа остварени вкупно 55 настапи во домашните и странските медиуми, од кои 16 во електронските медиуми, а 39 во печатените медиуми.

УПРАВЕН ОДБОР

1. **Мирко Спироски,** *Претседател*
доктор на медицински науки,
професор на Медицинскиот факултет
2. **Нуриje Кадриу (САЖМ)**
наставник, претседател на огранокот на Сојузот на жената албанка на Македонија во Скопје
3. **Зоран Костов (МСМ)**
новинар и главен и одговорен уредник на весникот „Студентски збор"
4. **Мухамед Точи (Месечина)**
невработен, член во претседателството на ХДЗР „Месечина"
5. **Прота Драги Костадиновски (МПЦ)**
Архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
6. **Зејнула ефенди Фазлиу (ИВЗ)**
референт во кабинетот на претседателот на Исламската верска заедница
7. **Пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)**
пастир на Евангелско - методистичката црква во Струмица
8. **Иван Тулевски**
невропсихијатар, шеф на Центарот за превентива и лекување на болестите на зависности
9. **Наташа Габер**
доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
10. **Теута Крашница-Чучкова**
уредник - коментатор во Македонското радио, Координатор на одборот за мировна и граѓанска иницијатива



Мандатот на Управниот одбор заврши на 31.05. 2000 година. Во новиот состав на местата од Иван Тулевски, Нурие Кадриу и Зоран Костов се избрани:

1. **Букуриje Бајрами** (САЖМ)
невработена, член на Претседателството на САЖМ - Тетово
2. **Билјана Герасимовска** (ЕСЕ)
доктор, Претседател на ЕСЕ - Скопје
3. **Свето Стевановски** (НВО)
новинар, Главен уредник на ревијата „Екологија"

ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ

1. Мирко Спироски,
2. Букуриje Бајрами,
3. Дејан Бојковски,
4. Василка Божиновска,
5. Диме Велковски,
6. Билјана Герасимовска,
7. Дилбера Камберовска,
8. Нуриje Кадриу,
9. Драги Костадиновски,
10. Теута Крашница Чучкова,
11. Андон Марковски,
12. Александар Михајловски,
13. Самет Скендери,
14. Даниела Стојанова,
15. Иван Тулевски,
16. Зејнула Фазлиов,
17. Михаил Цеков,
18. Мухамед Точи,
19. Наташа Габер,
20. Мето Јовановски,
21. Ѓунер Исмаил,
22. Пруси Абдурауф,
23. Руси Муќереме
24. Димче Митрески.

ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС

ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС ВО МЦМС ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

1. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина"	(Месечина)
2. Хуманитарна организација „Ел Хилал"	(Ел Хилал)
3. Хелсиншки комитет за човекови права	(ХКЧП)
4. Движење на екологистите на Македонија	(ДЕМ)
5. Младински совет на Македонија	(МСМ)
6. Сојуз на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"	(ССУКМ)
7. Организација на организациите на жени на Македонија	(ОЖМ)
8. Сојуз на организациите на жени во РМ	(СОЖМ)
9. Сојуз на албанската жена во Македонија	(САЖМ)
10. Сојуз на пензионерите на Македонија	(СПМ)

ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС ВО МЦМС ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА

1. Хуманитарна организација „Хомос"	(Хомос)
2. Еманципација, солидарност и еднаквост	(ЕСЕ)
3. Ромска организација на жени на Македонија „Даја"	(РОЖМ)
4. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши"	(Меѓаши)
5. Хуманитарно добротворно здружение на Ромите „Пхурт"	(Пхурт)
6. Организација на жени „Хоризонт"	(Хоризонт)
7. Еколошко друштво „Злетовица"	(Злетовица)
8. Еколошко друштво „Изгрев"	(Изгрев)
9. Еколошко друштво „Виножито"	(Виножито)
10. Здружение на самохрани мајки	(ЗСМШ)
11. Сојуз на слепите во РМ	(ССРМ)
12. Организација на ромска младина „Англунипе"	(Англунипе)

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА МЦМС

Извршен директор
Сашо Клековски

ГРУПА ЗА РАЗВОЈ
Роман Пападимитров
Димче Митрески
Мирјана Фотевска-Елефтиријадис
Никола Икономов
Аџо Кочовски
Нахида Зекирова

ГРУПА ЗА ИТНА ПОМОШ
Александар Ќурчиев*
Владимир Лазовски
Данило Митов
Елисавета Бејкова*
Гоце Солев*
Горан Велкоски*
Салих Алили
Синиша Стојкоски

ГРУПА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
Тетјана Лазаревска
Јоана Јосифовска
Емина Махмутовиќ
Васил Миновски
Лара Крстева-Ичоќаева
Хамси Бехлули

ГРУПА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО
Сунчица Саздовска
Лилјана Алчева-Јовановска
Валентина Чичева
Фатмир Битиќи
Флорент Бајрами
Неда Малеска-Сачмароска
Калин Бабушку
Куштрим Хоџа

ГРУПА ЗА ИНФОРМАЦИИ
Гонце Јаковлеска
Крешник Аџини*
Даниел Медароски
Јане Стефанов
Дарко Димитровски
Анета Трајковска
Сузан Шакир

ГРУПА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Александар Кржаловски
Љупчо Тошев
Марјан Димитров

АДМИНИСТРАТИВНА ГРУПА
Александар Бужаровски
Милка Божиновска-Миова
Александар Стамболиев
Мирјана Куновска
Весна Богдановска

** - го напуштиле МЦМС во текот на 2000 година*

МЦМС на крајот од 2000 година броеше вкупно околу 41.8 ЕПРВ (еквиваленти на полно работно време), вклучувајќи ги и договорите на дело (2.3 ЕПРВ)

Во извештајниот период немаше значителни промени во персоналот. Новопримен е персоналот кој треба да работи за програмата Применето образование за младите Роми која ќе започне во 2001 година. Во јануари 2001 година три соработници од Поврзување Скопје-Солун, ќе преминат во нова организација која ќе ги продолжи активностите.

